# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.193 од 06.11.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" број 68/2004, 127/2006, 114/2009, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15 и 129/15), во членот 8-а по ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:
„Испитот се полага во испитна сесија која се спроведува секој месец."
Ставовите 5, 6, 7, 8, 9 и 10 стануваат ставови 6, 7, 8, 9, 10 и 11.

**Член 2**

Во членот 8-б по ставот 7 се додава нов став 8, кој гласи:
„Испитот за добивање на сертификатот од ставот 1 се полага во испитна сесија која се спроведува секој месец."
Ставовите 8, 9, 10, 11,12 и 13 стануваат ставови 9, 10, 11,12, 13 и 14.

**Член 3**

Членот 8-е се менува и гласи:
„Базите на прашања ги подготвуваат овластените правни лица од членовите 8-а став 2 и 8-б став 3 од овој закон.
Прашањата за испитот ги верификува Министерството за транспорт и врски за што формира Комисија за верификација составена од членови од Министерството за транспорт и врски (во натамошниот текст: Комисијата). Комисијата врши ревизија и ажурирање на прашањата најмалку двапати годишно, при што Комисијата одлучува најмалку 30% од прашањата да бидат изменети или целосно одстранети од базите од ставот 1 на овој член.
Полагањето на испитите се врши со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.
Прашањата содржани во тестот за полагање испит и неговите одговори се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на испит.
Електронскиот систем содржи и јавно достапна база од најмалку 500 прашања од областа.
Резултатите од полагањето на испитот му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот веднаш по неговото завршување.
На денот на полагањето на испитот му се дава на кандидатот пристапен код, односно лозинка со кој му се одобрува пристап во електронскиот систем.
По одобрувањето на пристапот кандидатот добива електронски тест за испитот.
Во случај на спреченост на спроведување на испитот, поради причини што доведуваат до техничка неможност на функционирање на електронскиот систем, полагањето на испитот се прекинува.
Доколку причините од ставот 9 на овој член ќе се отстранат во рок од 60 минути од прекинувањето на испитот истиот продолжува веднаш по нивното отстранување.
Доколку причините од ставот 9 на овој член не се отстранат во рокот од ставот 10 на овој член испитот се презакажува за друг термин.
На кандидатот за време на полагањето на испитот не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица, освен со информатичарот во случај доколку има технички проблем со компјутерот. На кандидатот за време на полагањето на испитот не му се дозволува користење на закони, подзаконски акти или други пишани материјали, мобилен телефон или други преносни

компјутерски уреди и други технички и информатички средства, претходно подготвени предмети и слично.
Ако техничките проблеми со компјутерот бидат отстранети за пет минути испитот продолжува, а доколку не бидат отстранети во овој рок испитот само за тој кандидат се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.
Ако има проблеми со повеќе од пет комјутери и тие не бидат отстранети во рок од пет минути испитот се прекинува за сите кандидати што го полагаат испитот и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.
Доколку кандидатот при полагањето на испитот постапува спротивно на ставот 12 на овој член, нема да му се дозволи натамошно полагање на испитот во таа испитна сесија и му се изрекува забрана за полагање на испитот во траење од три години, за што
Министерството за транспорт и врски донесува решение против кое може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.
Во случаите од ставот 15 на овој член се смета дека кандидатот не го положил испитот и истото се констатира во записникот за полагање на испитот.
На барање на кандидатот Министестерството го информира за направените грешки во тестот за полагање на испитот, со овозможување непосреден увид во тестот."

**Член 4**

Во членот 8-ж став 4 се менува и гласи:
„Комисијата од ставот 3 на овој член се состанува по секоја одржана четврта испитна сесија и врши ревизија на спроведување на испитот вклучувајќи и дали испитот го полагале кандидати кои ги исполнуваат условите за полагање на испитот согласно со членовите 8-а и 8-б од овој закон, за што доставува извештај до Министерството за транспорт и врски.”
Ставот 5 се менува и гласи:
„На членовите на комисијата од ставот 3 на овој член им следува паричен надоместок, кој изнесува една просечна нето плата во Република Македонија на годишно ниво, за што Министерството за транспорт и врски донесува решение."

**Член 5**

Во членот 8-з по зборовите: „Министерството за транспорт и врски," се додаваат зборовите: „за што министерот за транспорт и врски определува одговорно лице кое утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот".
По ставот 1 се додаваат пет нови става 2, 3, 4, 5 и 6, кои гласат:
„На одговорното лице од ставот 1 на овој член за секоја одржана испитна сесија му следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Министерството за транспорт и врски донесува решение.
Овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот е должно да го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот за време на спроведување на испитот.
Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: АЕК) врши постојан мониторинг на блокирањето на радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот, со цел да се спречи секаков вид на електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот.
АЕК во просторијата за полагање на испитот инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена и истите се складираат во централниот контролен систем на АЕК.

АЕК формира трочлена комисија која изготвува извештај врз основа на електронските записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот го доставува до Министерството за правда најдоцна во рок од 15 дена од завршување на испитната сесија."

**Член 6**

По членот 99-д се додава нов член 99-ѓ, кој гласи:

**„Член 99-ѓ**

Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на овластените претставници од членот 8-ѓ став 4 од овој закон ако дозволат кандидатот да постапи спротивно на членот 8-е став 12 од овој закон.

Со глоба од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се казнат членовите на комисијата од членот 8-ж став 4 од овој закон, доколку утврдат неправилности во спроведувањето на испитот, а за тоа не го известат министерот за правда.

Со глоба од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се казни лицето од членот 8-з став 2 од овој закон кое ќе дозволи да полага кандидат кое не ги исполнува пропишаните услови од овој закон.

Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на кандидатот кој постапува спротивно на членот 8-е став 12 од овој закон.

Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 8-з од овој закон, доколку не го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот."

**Член 7**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".